CIVICA MOBILITAS

ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС

ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ

Издавач
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

За издавачот
Александар Кржаловски, в.д. директор

Автори
Јелмаз Дервиши и Кристина Весиќ

Подготовка и дизајн
Борис Ристовски

https://civicamobilitas.mk
https://facebook.com/civicamobilitas

Благодарност

Им благодариме на одговорните и тимовите во организациите кои ги спроведоа овие институционални грантови и ги подготвија извештаите кои беа основа за создавање на секоја од приказните: Храна за сите- Банка за храна на Македонија, Здружение на граѓани за борба против рак Борка – за секој нов ден Скопје, Центар за граѓански комуникации, Цивил – Центар за слобода, Центар за управување со промени, Една може!- Скопје, Институт за европска политика – Скопје, Здружение Форум – Центар за стратешки истражувања и документација, Асоцијација, иницијатива за социјална промена – Инсок, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“, Конект, Кризен центар „Надеж“, Здружение за култура и развој на креативни индустрии Култ -Транзен, Легис, ЛГБТ Јунајтед Тетово, Здружение за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци „Љубезност“ – Скопје, Ромска асоцијација за жени и млади „Лулуди“, Здружение македонска асоцијација на земјоделски задруги – МАЗЗ, Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“, Здружение за развој на медиуми „Онлимит медиа“ Скопје, Полио плус- движење против хендикеп, Институт за истражување на општествен развој – РЕСИС, Рурална коалиција, Совет за етика во медиумите на Македонија, Здружение- Центар за истражувачко новинарство „СКУП“ Македонија, Совет за превентива против малолетничка деликвенција- СППМД, Кавадарци, Еколошко друштво „Вила зора“ – Велес, Заедно посилни, Здружение за локален и рурален развој – Тетово и Специјална олимпијада Македонија.

Македонски центар за меѓународна соработка

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Издавањето на оваа публикација е овозможено од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.

Текстовите објавени во оваа публикација ги изразуваат погледите на авторките и/или организациите кои придонесоа кон нив, но не оние на Амбасадата на Швајцарија/Швајцарската агенција за развој и соработка или оние на организациите спроведувачи: НИРАС, МЦМС или ФЦГ.

ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ ГРАНТОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИСКО ЈАКНЕЊЕ И РАЗВОЈ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

Преку институционалните грантови на програмата Цивика мобилитас, оваа фаза беа опфатени 30 граѓански организации кои покрај нивното долгогодишно искуство во областа во која делуваат и експертизата која ја поседуваат, изразија потреба од континуирана поддршка за организациски развој и капацитети како и успешно имплементирање на нивните програмски активности.

Најголем и највидлив придонес на институционалните грантисти на Цивика мобилитас се евидентирани во следните области: социјална инклузија со посебен акцент на маргинализираните заедници во општеството, човековите права и слободи, развојот на медиумите и истражувањето, родовата еднаквост, животната средина како и локалниот и рурален развој.

Проблематиките и општествените прашања кои се опфатени преку нивните активности докажуваат дека со континуирана и посветена работа промените се можни, но и дека процесот сеуште трае.

Резултатите и продуктите од работата на дел од организациите веќе имаат силно влијание во промените и однесувањето на институциите, додека друг дел од нив се во почетна фаза и прогресот го очекуваме да биде видлив во блиска иднина.

БАНКА ЗА ХРАНА	БОРКА	ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ
ЦИВИЛ	ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ	ЕДНА МОЖЕ!
ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА	ФОРУМ	ИНСОК
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ	КОНЕКТ	КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
КУЛТ-ТРАНЗЕН	ЛЕГИС	ЛГБТ ЈУНАЈТЕД
ЉУБЕЗНОСТ	ЛУЛУДИ	МАЗЗ
МЕЃАШИ	ОНЛИМИТ МЕДИА	ПОЛИО ПЛУС
РЕСИС	РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА	СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
СКУП	СППМД	ВИЛА ЗОРА ВЕЛЕС
ЗАЕДНО ПОСИЛНИ	ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН И РУРАЛЕН РАЗВОЈ	СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА МАКЕДОНИЈА

ХРАНА ЗА СИТЕ – БАНКА ЗА ХРАНА МАКЕДОНИЈА

1 јули 2020 г. – 30 јуни 2022 г.

3.977.951 МКД

Обезбедени 35 тони храна за 1.620 семејства во Македонија

Лице со попреченост од Радовиш доби шанса за самостоен живот

Формирана Балканска Платформа на Банки за храна

Под мотото „Во коренот на долгорочното и значајно намалување на сиромаштијата лежи задачата за намалување на гладот, бидејќи, гладот е најсуровата форма на сиромаштија“ функционира здружението Храна за сите – Банка за храна Македонија (БХМК).

Преку активно делување и борба против сиромаштијата и социјалната исклученост се поттикнува одговорна и транспарентна акција на законодавните, националните и локалните власти како и на бизнис опкружувањето. Ова се потврдува со акцијата #СтоимеЗаедно - #WeStandTogether - #Qëndrojmësëbashku во која учествуваа над 18 партнерски организации и 35 волонтери кои спакуваа 35 тони храна дистрибуирана до 1.620 семејства во 20 општини во Македонија. Беа обезбедени 1.620 прехранбени пакети, 6480 заштитни маски и 1620 дезинфекциски средства.

„По три години истражување и поминати илјадници километри низ руралните средини во нашата земја наидовме на Даниел Здравков од Радовиш. Млад човек со физичка попреченост, која ја забави неговата моторика, но не и желбата за самостоен живот“, велат од БХМК. Благодарение на eCrowd, првата краудфандинг платформа во Македонија, Даниел го живее својот сон. Во природен амбиент и недопрена природа во Радовишко тој ја започна својата приказна во рамки на проектот МОЈА Фарма.

„На наша иницијатива почна формирање на Балканска Платформа на Банки за храна и за почеток учествуваат Федерацијата на Банки за Храна Србија, Банка за храна Македонија, Банка за храна Ниш, Банка за храна Косово и Банка за храна Војводина“, велат од БХМК. Заедништвото има за цел да ги истражи, претстави и во значајна мера ги имплементира најдобрите практики кои се однесуваат на собирање на вишоците храна во корист на засегнатите граѓани во социјален ризик на Балканот, воедно ги зближи институциите, операторите со храна, граѓанските организации, крајните корисници и медиумите.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА БОРБА ПРОТИВ РАК БОРКА – ЗА СЕКОЈ НОВ ДЕН СКОПЈЕ

1 јули 2020 г. – 30 јуни 2022г.

3.978.500 МКД

Создавање Алијанса на пациентски организации

Изработен протокол за пациенти со малигни заболувања за време на КОВИД-19

Акција за доставување таблетарна терапија за 500 пациенти болни од рак

Одржани 16 настани во 16 градови по повод маршот „Напред розово“

„Една од клучните заложби на Борка е создавањето на Алијанса на пациентски организации и создавање на „чадор организација“ која има за цел унапредување, едукација и зајакнување на капацитетите на ГО за системско делување пред институциите и влијание врз здравствените политики“, велат од здружението. Во Алијансата се вклучени 12 организации, а во рамки на истата создадоа Етички кодекс за унапредување на квалитетот на соработката меѓу ГО, но и зајакнување на мрежата преку јакнење на капацитетите на организациите. Одржаа тридневна обука на која учествуваа 22 претставници од ГО насочена кон функционирање на организациите во мрежа, застапување на пациентите и едукација за здравствениот систем, комуникација со медиуми, финансирање на здравството со цел зајакнување на капацитетите на овие полиња.

По прогласување на пандемијата со КОВИД-19 беше изработен протокол за пациенти со малигни заболувања кој ги содржеше сите потребни информации за начините на лекување и функционирање на клиниките. За таа цел беше креирана и веб страна со сите потребни информации за пациентите. Во соработка со Клиниката за онкологија и Црвен Крст беше спроведена акција за доставување на таблетарна терапија за болните од рак од внатрешноста на Македонија и беше обезбедена терапија за повеќе од 500 пациенти. „Исто така лобирањето до Министерството за здравство беше успешно и 2020 г. жените оперирани од рак на дојка, може да добијат бесплатен градник, а партиципацијата на онколошките пациенти при следење на болеста веќе не се наплаќа во јавните здравствени институции“, велат од Борка.

Во период од две години традиционално се одржуваше маршот „Напред Розово“ кој за прв пат доби национален карактер. Беа одржани 16 настани во 16 градови: Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Кочани, Виница, Струмица, Валандово, Струга, Гостивар, Велес, Тетово, Ресен и Гевгелија.

ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ

1 јули 2019 г. – 30 септември 2022г.

4.500.000 МКД

Индексот на активна транспарентност развиен и спроведен од ЦГК е обврска во новиот Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер

Активна борба против корупција во јавните набавки. Предлозите на ЦКГ се дел од Владините мерки за превенција од корупција

Предлозите на ЦГК против партизацијата на државните претпријатија се вклучени во Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија



Ранг	Вк.ранг	Општина	Резултат
1	7	М. Каменица	85,9 %
2	11	Зрновци	84,5 %
3	16	Делчево	82,6 %
4	23	Берово	78,3 %
5	23	Кочани	78,3 %
6	38	Пехчево	66,7 %

Индексот на активна транспарентност развиен и спроведен од Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) на предлог на здружението беше вграден како обврска во новиот Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Индексот стана репер во земјава со кој се мери успешноста на институциите во објавување информации и документи од важност за граѓаните. Законската обврска и мерките за објавување значат дека граѓаните, бизнисот и сите други заинтересирани групи добиваат значително повеќе информации што им помагаат да го следат квалитетот на работењето на институциите, да учествуваат во креирањето политики, да носат одлуки засновани на релевантни информации и полесно и навремено да ги користат јавните услуги.

Како резултат на низата активности, предлози и залагања на ЦГК во борбата против корупцијата во јавните набавки Владата ги задолжи сите институции да ги објават на своите веб-страни информациите за јавни набавки според листата предложена од здружението. Дополнително се воведе обврска за институциите да изработат интерни процедури за јавни набавки и да зајакне контролата во јавните набавки дел од владиниот План за борба против корупцијата „Акција 21“. Почна да се реализира и предлогот на ЦГК вграден во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со кој секоја јавна институција задолжително ги објавува во тендерската документација за јавните набавки.

Владата ги прифати предлозите на ЦГК против партизацијата на државните претпријатија и тие се вклучени во Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија. Со одредбите се регулира постапката за избор на членови на управните и надзорните одбори на јавните претпријатија, се воспоставува транспарентност при постапката за избор на овие членови и се воспоставува почитување на системот на квалификации при селекцијата и именувањето на членовите.

ЦИВИЛ – ЦЕНТАР ЗА СЛОБОДА

1 јули 2019 г. – 30 јуни 2022 г.

4.500.000 МКД

Борба против дезинформациите, пропагандата и хибридните закани преку 6 интернет портали, +40.000 публика на социјални медиуми и 2.500 објавени содржини

Мониторинг на предвремените парламентарни избори во 2020 и локалните избори во 2021г.

Јакнењето на јавната свест и разобличувањето на дезинформациите преку 534 содржини за пописот, 25 јавни настани во Скопје, Штип, Гостивар и Гевгелија со +50 експерти



ЦИВИЛ – Центар за слобода и интегрираната редакција Цивил медиа, со тријазичната медиумска платформа, 6 интернет портали и +40.000 следбеници на социјални медиуми, работеа на комплексни задачи поврзани со дезинформации. Во периодот 2019-2022 г., медиумската платформа на ЦИВИЛ објави повеќе од 2,500 медиумски содржини во текстуален и видео формат во кој беа вклучени повеќе од 300 соговорници, меѓу кои експерти и претставници на институциите, граѓанското општество, медиумите и меѓународната заедница.

ЦИВИЛ е и единствена организацијата која спроведе сеопфатен мониторинг на предвремените парламентарни избори во 2020 и локалните во 2021г. Формираше мониторинг тимови со повеќе од 650 членови, а во организацијата вклучи и повеќе од 60 експерти и аналитичари кои креираа и спроведуваа мониторинг, анализи, едукација и јакнење на јавната свест за правото на глас. Покрај мониторинг на изборите, спроведоа и сеопфатна анализа на процесот на спроведување на пописот.

„Бројни претставници на релевантни институции и меѓународна заедница велат дека одигравме важна улога во јакнењето на јавната свест и разобличувањето на дезинформациите поврзани со пописот“, велат од ЦИВИЛ. Преку медиумска платформа, објавија 534 содржини директно поврзани со пописот, одржаа 25 јавни настани во Скопје, Штип, Гостивар и Гевгелија на кои учествуваа повеќе од 50 релевантни експерти.

ЦИВИЛ е една од најактивните организации во земјата, меѓу другото, и во доменот на промоцијата на мултикултурализмот и европските вредности. Во изминатите три години, вклучија повеќе од 300 јавни личности, експерти, политичари, итн. кои говореа за предностите на мултикултурализмот во светот. Одржаа средби со Претседателот Стево Пендаровски, премиерите Зоран Заев и Димитар Ковачевски, Вицепремиерот Артан Груби и други, каде беше искажана политичка волја, но и конкретни заложби за јакнење на мултикултурализмот, недискриминацијата и почитувањето на различностите во нашето општество.

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

1 јули 2019 г. – 30 јуни 2022 г.

4.445.210 МКД

Унапредување на најфреквентните електронски услуги кои институциите им ги нудат на граѓаните

Електронска нострификација на дипломи во основно, средно и високо образование, упис на деца во градинка и првачиња во училиште, конкурси за ученици и студентски стипендии се дел од дигитализираните услуги

Зајакнување на женското претприемништво преку обуки и 8 месечна менторска обука за бизниси на жените претприемачки од Скопје, Битола и Охрид

„Центарот за управување со промени во период од три години интензивно работеше на унапредување на најфреквентните електронски услуги кои институциите во Северна Македонија им ги нудат на граѓаните“, велат од здружението. Електронска нострификација на дипломи во основно, средно и високо образование пуштена и промовирана на националниот портал е-Услуги, упис на деца во градинка и првачиња во основно училиште, конкурси за ученици и студентски стипендии, електронска регистрација на проекти во Секретаријат за европски прашања (СЕП) се дел од обезбедените услуги. Генерално за целокупниот период се работеше на напредок и реформи во јавната администрација. Во рамки на проектот „Борба против дискриминација преку поддршка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД)“, преку изработка на клучни стратешки документи како што се Годишна програма за работа на КСЗД за 2022 година со индикатори за следење, функционална анализа, стратешки план, правилници за организација и систематизација на работните места и деловник за работа на Комисијата согласно принципите за добро управување, и потребите на КСЗД, значително се зајакнаа институционалните капацитети на комисијата.

ЦУП реализираше активности со кои придонесе кон зајакнување на женското претприемништво, но и кон зајакнување на компетенции на потенцијални жени претприемачки. Во време на Ковид-19 пандемија ЦУП преку обуки дизајнирани за потребите на секој од поддржаните бизниси на жените претприемачки од Скопје, Битола и Охрид, како и преку спроведување на 8 месечна менторската програма со помош на експерти од разни области, обезбеди долгорочни решенија за раст и развој на женските бизниси. Дополнителна поддршка е остварена и преку промоција и продажба на нивните производи на платформата www.womenpoweroon.com.

Како резултат на овие заложби, ЦУП на Самитот за женско претприемништво 2021 доби награда за ГО со воведени најдобри практики за развој на женското претприемништво.

ЕДНА МОЖЕ! - СКОПЈЕ

1 јули 2020 г. – 30 септември 2022 г.

3.993.063 МКД

Организиран првиот протестен марш во Македонија посветен на самохрани семејства, посетен од повеќе од стотици граѓани

Формиран Сојуз на здруженија – ЈунајтедФем, мрежа за родова еднаквост, спречување на насилство, борба против дискриминација и подобрување на статусот на еднородителските семејства;

Градење на капацитетите на организацијата преку креирање интерни програми, политики, правилници, планови и стратегии за функционирање

Во 2022г. „Една може!“ го организираше првиот протестен марш во земјава посветен на самохраните семејства. Маршот под мотото: „Темата за самохраните родители не смее да биде табу тема“, кој се одржа во организација на „Една може!“ започна од паркот Жена борец, а заврши пред Министерството за труд и социјална политика (МТСП) каде учесниците ги истакнаа проблемите со кои се соочуваат секојдневно. На истиот присуствуваа стотици граѓани во поддршка на еднородителските семејства. Дефинирање на статусот самохраност, праведни институции, финансиска поддршка и бесплатна партиципација во високото образование за децата на самохраните родители беа дел од барањата на присутните на маршот.

Една може! Во периодот од јули 2020 до септември 2022г. ја насочи својата борба кон создавање организации со кои ќе се подобри статусот на еднородителските семејства во Македонија. Во рамки на институционалната поддршка на Цивика мобилитас беше формиран Сојуз на здруженија – ЈунајтедФем, мрежа за родова еднаквост, спречување на насилство, борба против дискриминација и подобрување на статусот на еднородителските семејства, која делува на регионално ниво од областа на родовата еднаквост, недискриминација и ненасилство. Беа формирани уште две здруженија: Здружение за рурален и одржлив развој ГоуФем кое делува на национално ниво, со цел подобрување на самохраните родители и маргинализираните категории на жени, девојки и деца од руралните средини и Центар за слобода и култура „АртФем“ со цел културно, слободно и одржливо креирање и развивање на жените.

Од организацијата работеа и на градење на капацитетите преку креирање интерни програми, политики, правилници, планови и стратегии за функционирање на „Една може“ и сите ангажирани страни. Беа изработени модули за годишен тренинг за економско зајакнување на жени и социјално претприемништво и за родова еднаквост и еднакви права и можности.

ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА - СКОПЈЕ

1 јули 2019 г. – 30 септември 2022 г.

4.498.752 МКД

Мост за соработка и дијалог помеѓу државните институции и граѓанските организации преку 70 јавни и настани од затворен карактер со повеќе од 2.000 учесници;

Одржан и надграден квалитет на истражувања и сопствен истражувачки капацитет. За три години објавени 115 публикации;

Креирање на јавното мислење за процесот на пристапување во ЕУ на национално, регионално и европско ниво преку организирање и учество на експертски дискусии и дебати.

Институтот за европска политика (ЕПИ) во изминатите три години постојано создаваше простор за дискусија на јавните политики помеѓу граѓанските организации (ГО), извршната власт и правосудните органи. „Го подигнавме и капацитетот на сите наведени засегнати страни за процесот на пристапување во ЕУ, со фокус на правосудството и основните човекови права, реформата на јавната администрација, како и секторските политики“, велат од ЕПИ. Организираа 70 јавни и настани од затворен карактер со повеќе од 2.000 учесници кои вклучуваа претставници на бројни чинители и засегната јавност кои застапуваат различни гледишта.

ЕПИ останува организација која поставува високи стандарди со своите истражувања, што се потврдува со бројката од 115 публикации. Од клучните организациски продукти ги објавија редовните годишни анализи на извештајот на Европската комисија, како и годишни извештај во сенка за поглавје 23 Правосудство и основни човекови права. Ги изработија и извештајот од следењето на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството за 2020 и 2021 година, како и сите национални извештаи за потребите на Агенцијата за основни човекови права на ЕУ.

Организацијата учествуваше во креирањето на јавното мислење за процесот на пристапување во ЕУ на национално, регионално и европско ниво преку организирање и учество на експертски дискусии и дебати, како и застапувачки активности. „Редовно организиравме посети на високо ниво во Германија, Холандија и Франција на кои ги презентиравме во различни формати своите истражувања и анализи. Говоревме на клучните настани како што се Белградскиот безбедносен форум, Лабораторијата на идеи на Центарот за европски студии од Брисел и слично“, додаваат од ЕПИ. Тимот експерти учествуваше на редовни консултации со високи претставници на Европските институции и држави членки за проценка на состојбата со реформските процеси и пристапниот процес.

ЗДРУЖЕНИЕ ФОРУМ – ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

1 јули 2019 г. – 30 јуни 2022 г.

4.499.912 МКД

Формирање на МРЕЖА ЗАЕДНИЦА, мрежа на ГО за поддршка на развој на локална и месна самоуправа

Изработка на стратегии за соработка со граѓанскиот сектор во општина Кавадарци и Штип

Формирана Платформа за иновации во органско земјоделство во која членуваат ГО од Србија, Хрватска, Бугарија и Северна Македонија

Во 2020-та година Форум ЦСИД иницираше формирање на мрежа на граѓански организации за поддршка на развојот на локалната и месната самоуправа наречена МРЕЖА ЗАЕДНИЦА. Оваа мрежа беше формално регистрирана и во неа членуваат седум организации: Форум ЦСИД, ФРЛЗ Штип, СППМД Кавадарци, МКЦ Битола, ЦЕД Теарце, Центар на заедницата на општина Струга и Агора од Скопје од повеќе плански региони кои се истакнати во работата со локалната самоуправа. Во јуни 2022 претставниците на мрежата го објавија и првиот заеднички продукт, Анализа за поддршката на граѓанските организации од страна на општините во Република Северна Македонија.

Здружението помогна во изработка на стратегии за соработка со граѓанскиот сектор за две општини. Првата општина со која беше потпишан Меморандумот за соработка е Кавадарци, а двете страни соработуваа во процесот на изработка на „Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор 2021-2025 на Општина Кавадарци“. Се одржа работилница со претставници на ЕЛС и локалните ГО од Кавадарци како дел од процесот на стратешко планирање и изработка на документот. Во декември 2021 г. новиот Совет на општината ја усвои со мнозинство гласови како официјален документ на Општината. Низ сличен процес беше подготвена и Стратегија за соработка на Општина Штип со граѓанскиот сектор 2022-2026.

Форум ЦСИД ја иницираше и координираше Платформата за иновации во органското земјоделство која започна да се реализира на 1 ноември 2019 г. Иницијативата обедини организации од Србија, Хрватска, Бугарија и Македонија кои соработуваа за развој на нови и иновативни ресурси во корист на граѓаните, даватели на образовни услуги за возрасни и локални ГО кои работат на полето на земјоделството и животната средина. Во фокусот на активностите беше образованието на возрасни за производство на органска храна.

АСОЦИЈАЦИЈА ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОЦИЈАЛНА ПРОМЕНА - ИНСОК

1 јули 2019 г. – 30 септември 2022 г.

4.481.160 МКД

Формирана Тематска мрежа на граѓански организации за застапување за системски и трајни решенија за интеграција на Ромите во општеството, која брои 15 ГО

Учество во процесот на носење и измени на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени

На иницијатива на ИнСок Собранието на РСМ ја формираше Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во РСМ

Асоцијацијата - Иницијатива за социјална промена - ИнСоК иницираше и формираше Тематска мрежа на граѓански организации за застапување за системски и трајни решенија за интеграција на Ромите во општеството. Мрежата брои 15 здруженија на граѓани кои работат на прашања поврзани со Ромската заедница. Во периодот 2019 – 2022 година беа реализирани 20 состаноци на кои беа разгледани преку 50 прашања за потреби и проблеми со кои се соочуваа Ромите во државата. Вработување, образование, домување, здравство, култура и традиција, човекови права и сиромаштија се темите кои беа обработени. Од асоцијацијата упатија и предлог Декларација за Интеграција на Ромите во Република Северна Македонија до Интер-партиската парламентарна група за прашања на Ромите во Собранието на Република Северна Македонија за усвојување и делување.

Како континуитет на заложбите на граѓанскиот сектор кој работи на прашањата за интеграција на Ромите во општеството, Собранието на РСМ го донесе Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени. ИнСоК преку соработка, застапување и упатување на коментари за содржината на Законот, учествуваше во процесот на носење и упати 20 коментари на предлог Законот од кои се прифатија 10 коментари и истите беа вградени во новиот текст на Законот.

На иницијатива на ИнСоК, Мрежата за застапување за системски трајни решенија за интеграција на Ромите во РСМ и Пратеничката г-ѓа Латифа Шиковска, Собранието на РСМ ја формираше Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за поддршка на правата на Ромите, нивна инклузија и интеграција во РСМ, во која ќе членуваат пратеници од постоечкиот собраниски состав од различни политички партии.

Низ работни седници и други активности членовите на оваа група ќе застапуваат за законски решенија како и носење на препораки и декларации кои ќе обезбедуваат трајно решение за интеграцијата на Ромската заедница.

КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

1 јули 2019 г. – 30 септември 2022 г.

4.498.432 МКД

Презентирана анализа „Влијание на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија“ која обезбеди транспарентно работење на Судскиот совет

Анонимизирани вкупно 1.622 судски пресуди, јавно достапни на веб страната на Основниот кривичен суд во Скопје

Објавени прирачници за кривична и граѓанска постапка со цел граѓаните да имаат полесен пристап на јасен, неправнички јазик за текот на судските постапки

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

Коалицијата „Сите за правично судење“ во септември 2021 година, одржа завршна конференција на која ја презентираше анализата: „Влијание на мерит системот врз судската независност и професионалност во Северна Македонија“. Анализата се однесува на работењето на Судскиот совет на Р.Северна Македонија како и на седниците кои што беа следени од страна на Коалицијата. По објавената анализа и јавната реакција на коалицијата за недоволно транспарентното работење на Судскиот совет, истиот на понатамошните седници започна пракса на темелно и со аргументирана дебата да ги разгледува претставките поднесени од страна на граѓаните, посветувајќи им доволно време и внимание на секоја индивидуално.

Во рамки на институционалната поддршка од Цивика мобилитас беше остварена соработка со Основниот кривичен суд во Скопје, каде успешно заврши процесот на анонимизација на судски пресуди. Успешно се анонимизирани вкупно 1.622 судски пресуди кои се јавно објавени на веб страната на судот. Петте анонимизирачи од коалицијата со нивното залагање допринесоа за поголема транспарентност и отчетност на судот, а воедно имаа можност да се стекнат со практично искуство за работа со судски предмети.

„Сите за правично судење“ изготвија прирачници од областа на граѓанските и кривичните судски постапки насловени „Прв пат во суд“. Овие прирачници имаат за цел да има помогнат на граѓаните да имаат полесен пристап на јасен, неправнички јазик за текот на судските постапки пред судовите во Република Северна Македонија. Прирачниците ќе им дадат насоки и препораки на граѓаните кои немаат доволно познавање од областа на правото, а сакаат да дознаат повеќе за текот на една судска постапка.

КОНЕКТ

1 јули 2019 г. – 30 септември 2022 г.

3.999.911 МКД

Филантропија на дело: Донаторски кружок здружи 118 донации и обезбеди 869.528 ден за 6 внимателно одбрани ГО

Мрежата за финансиска одржливост на ГО раководена од Конект по 8 години стагнација го отвори процесот на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности

4 иницијативи и +80 претставници на различни сектори собраа донации од бизниси и граѓани во вредност од 14.836 EUR. Поддржаа 200 млади, 4 самохрани родители, 72 деца од улица и 100 жени од рурални средини.

„Ги поттикнавме граѓаните здружено да донираат на нивниот природен партнер – граѓанските организации (ГО). Донаторскиот кружок е заедница на индивидуални филантропи што ја негуваме помагајќи ѝ да инвестира во вистински промени наместо во санирање на последици“, велат од Конект. На два специјални настани, донаторскиот кружок здружи 118 донации и обезбеди 869.528 ден за 6 внимателно одбрани ГО.

111 членки од Мрежата за финансиска одржливост на ГО раководена од Конект застапуваат низа закони од заеднички интерес. По 8 години стагнација го отворија процесот на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности што ќе го олесни и зголеми донирањето во ГО. Мрежата придонесе за подобрување на законите и политиките за волонтерството, социјалното претприемништво и за исполнување на Стратегија за соработка на Владата со граѓанското општество. Со ова Р.С Македонија стана светски пример за соработка во заштитата на правото за здружување при креирање мерки за спречување перење пари и финансирање тероризам за непрофитниот сектор (НПО).

„Агенда 2030 и Целите за одржлив развој (ЦОР) на ОН се наша платформа за меѓу-секторски партнерства на институциите, компаниите, ГО и локалните заедници“, посочуваат од здружението. Над 80 претставници на различни сектори дефинираа заеднички цели од кои произлегоа 4 иницијативи кои покажаа дека заеднички може да правиме промени. Иницијативите собраа донации и нефинансиска поддршка од бизниси и граѓани во вредност од 14.836 EUR. Со тоа им овозможија на над 200 млади од кои 32% од семејства со ниски примања да ја зголемат својата вработливост, на 4 самохрани родители да стекнат вештини за самовработување и органско производство на храна, на 72 деца од улица да се едуцираат и стекнат со поздрави животни навики, и на 100 жени од руралните средини во пандемијата да продаваат онлајн.

КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“

1 јули 2020 г. – 30 јуни 2022 г.

3.985.600 МКД

Обезбедено засолниште за вкупно 130 жртви на семејно насилство во период од 24-48 часа

Обезбедена психо-социјална и правна помош на вкупно 301 лице

СОС линијата и социјалните мрежи обезбедија поддршка за вкупно 1711 лица

Организирани вкупно 30 предавања, трибини и улични акции на кои учествуваа 770 лица

Кризен центар „Надеж“ во рамки на институционалната поддршка од Цивика мобилитас, обезбеди засолниште за вкупно 130 жртви на семејно насилство во период од 24-48 часа пред да бидат преземени од надлежните институции за натамошна заштита. Обезбедена е психо-социјална и правна помош на вкупно 301 лице, додека преку СОС линијата и социјалните мрежи обезбедена е поддршка на вкупно 1711 лица. Организирани се предавања, трибини и улични акции, вкупно 30, на кои учествувале 770 лица. Реализирана е и онлајн кампања која опфатила повеќе 81.460 лица. Организирани се две обуки за зајакнување на соработката меѓу граѓанските организации и институциите на кои учествувале вкупно 42 лица, претставници од релевантните институции: Центри за социјална работа, полициски станици, јавни обвинителства и граѓански организации кои работат во областа на социјалната заштита.

Зајакната соработката со јавни институции на локално и национално ниво - подготвена, усвоена и се спроведува Стратегија за соработка со институциите на национално и локално ниво. Во рамки на спроведување на стратегијата се одржаа вкупно 159 состаноци со релевантни чинители за обезбедување финансиска поддршка од јавните институции, обезбедена од Министерството за труд и социјална политика, општина Гази Баба и од град Скопје. Преку бројни состаноци за обезбедување програмска поддршка од институсиите подобрена е соработката со центрите за социјална работа од цела држава, како и со инспекторите од Министерството за внатрешни работи кои работат на проблемот семејно насилство.

Дополнително, во период од две години, со процесот на е-менторство, креиран е план за организациски развој кој сеуште се спроведува. Во рамки на планот, направена е внатрешна структура во организацијата каде се вработија 4 лица, а дополнително хонорарно се ангажирани 5 лица и 4 волонтери.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ КУЛТ-ТРАНЗЕН

1 јули 2020 г. – 30 септември 2022 г.

3.622.164 МКД

Децентрализација на културата преку театарски претстави, изложби, издавање на книги и гостување на театарски претстави и изложби

Учеството на граѓанскиот сектор во одлучување и демократизација на процесите во креирањето на културните локални и национални политики

Изработен Годишен план и стратегија на делување со кои се подобри функционирањето на здружението

„Со помош на институционалниот грант дадовме можност на многу млади таленти и уметници да ја добијат својата прва шанса за уметнички да се изразат и со тоа социо-економски да зајакнат. Ваквиот придонес кон децентрализацијата на културата овозможува независната сцена во државата се повеќе да се зајакнува и да биде двигател на културниот живот во малите средини“, велат од „Култ-Транзен“. Во овој контекст беа реализирани повеќе театарски претстави, изложби, издавање на книги и гостување на театарски претстави и изложби во продукција на здружението по други градови во државата и странство.

Од здружението посочуваат дека граѓанскиот сектор секогаш е важен фактор за креирањето на културни политики бидејќи тие секогаш треба да се градат по принципот одоздола па нагоре и според потребите на граѓаните. Затоа тие како организација секогаш ќе се залагаат и ќе придонесуваат за поттикнување на учеството на граѓанскиот сектор во одлучување и демократизација на процесите во креирањето на културните локални и национални политики. Преку спроведување на повеќе состаноци, средби и барање за пристап до информации од јавен карактер беше направена соодветна анализа на степенот на имплементација на локалната и националната стратегија за култура и беа дадени соодветни препораки за идно креирање на локалните политики.

Во изминатите три години беше изработен Годишен план и стратегија на делување каде беа вклучени сите добиени идеи од страна на заедницата и во исто време се подобри функционирањето на организацијата преку подобрување на стратешките документи и практики, но и обуки со кои беа зајакнати капацитети на организацијата за проектно пишување и раководење со проекти.

ЛЕГИС

1 јули 2021 г.. – 30 септември 2022 г.

3.939.760 МКД

Обезбедени курсеви за шиење за жени, правна помош за 20 корисници на хуманитарна помош и 300 пакети храна во 2021 година

200 луѓе од локалното население и повеќе од 4.000 луѓе во процес на миграција и/или барателите на азил добија прехранбени, хигиенски и антибактериски пакети

Формирана неформалната мрежа за брза реакција во криза и сиромаштија под името Прва

Во текот на двегодишната поддршка, Легис зајакна институционално со ревидирање и усвојување на внатрешни акти за подобрување на работата на организацијата и потпиша Меморандум за соработка со: Владата на Северна Македонија, Агенцијата за вработување и соработка за реализација на Програма за менторство при вработување и активности за работни вештини за жени и други барателите на азил со престој во прифатниот центар на барателите на азил. Со финансиска поддршка од Владата за справување со последиците на пандемијата, Легис започна курсеви за шиење за жени од локално население, обезбеди правна помош за 20 корисници на хуманитарна помош и обезбеди дополнителни 300 пакети храна во 2021 година. Легис ја продолжи соработката со Народниот Правобранител во насока на набљудување на пристапот до права на бегалци и мигранти во РСМ.

Навремено обезбедена и доставена помош за локалното население, бегалци и мигранти во вид на: прехранбени, хигиенски и антибактериски пакети. Во просек 200 луѓе од локалното население и повеќе од 4.000 луѓе во процес на миграција и/или барателите на азил со престој во пограничните транзитни центри на северната и јужната граница, прифатниот центар на барателите на азил и Центарот за прифат на странци во Скопје на дневно и месечно ниво добиваа соодветна помош.

Легис ја формира неформалната мрежа за брза реакција во криза и сиромаштија под името Прва. Во реализација на активностите, беа вклучени 10 граѓански организации и 2 локални здруженија. На официјалната промоција на мрежата се организираше дискусија и изложба на тема: Млади и сиромаштија. „Средствата од продадените слики се наменети за фонд за студентски стипендии за млади кои сакаат да студираат, а немаат финансиски средства“, велат од Легис.

ЛГБТ ЈУНАЈТЕД ТЕТОВО

1 јуни 2019 г. - 30 септември 2022 г.

4.489.404 МКД

Зголемен број на посетители во Центарот на ЛГБТИ заедницата во Тетово

Лобирање за донесување на новиот законот за Спречување и заштита од дискриминација

Преку обуки, работилници и менторска поддршка зајакнати капацитети на здружението ЛГБТ Јунајтед Тетово

„Преку спроведените активности реализирани со помош на институционалната поддршка на Цивика мобилитас се зголеми бројот на посети во Центарот на ЛГБТИ заедницата во Тетово“, велат од ЛГБТ Јунајтед Тетово. Бројот на посетители и конституенти на центарот се зголеми од 20 на 50 посетители кои во период од еден месец го посетиле Центарот неколку пати. На овој начин се придонесе за поголема видливост и посилна ЛГБТИ заедница.

Донесен е новиот законот за Спречување и заштита од дискриминација во кој како основи за дискриминација се додадени сексуалната ориентација и родовиот идентитет. ЛГБТ Јунајтед лобираше за донесување на овој закон, преку средби со пратениците на кои им беше презентирана потребата од донесување на истиот. „Овој закон е од голема важност за ЛГБТИ заедницата во Северна Македонија бидејќи конечно ЛГБТИ заедницата доби законска заштита преку која ќе може да пријави дискриминација по основ на сексуална ориентација и/или родов идентитет.

„Се залагаме секој поединец да биде во можност да ги оствари и ужива човековите права и слободи, без оглед на личните карактеристики како што се сексуалната ориентација и родовиот идентитет, а согласно националната легислатива, меѓународното право и ратификуваните конвенции“, посочуваат од ЛГБТ Јунајтед Тетово.

Покрај активностите за јакнење на ЛГБТИ заедницата од здружението работеа и на зајакнување на сопствените капацитети преку обуки и работилници за вработените во ЛГБТ Јунајтед Тетово. Квалитетот на работата на здружението се подобри во насока на известување, пишување извештаи, пристап кон решавање на предизвици и сл. Обезбедена беше и директна менторска поддршка со која се мониториираше и подобруваше начинот, квалитетот и пристапот на работа.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОМОШ НА БЕЗДОМНИЦИ, СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И ПОЕДИНЦИ ЉУБЕЗНОСТ - СКОПЈЕ

1 јули 2019 г. – 31 август 2022 г.

4.500.000 МКД

На вкупно 14 бездомни семејства со 31 лице им беше обезбеден простор за домување

Платени заостанати сметки за електрична енергија и вода за вкупно 143 социјално загрозени семејства

Обезбедени социјални услуги, правна и медицинска помош за 582 социјално ранливи лица

Психо-социјална поддршка за 1.066 семејства

„Во последните три години вдомуваме бездомни лица во објекти под наем за кои наемнината ја плаќа нашето здружение од средства добиени од Цивика мобилитас и други донатори“, велат од Љубезност. За овој период вдомени се 14 бездомни семејства со 31 лице, за чие домување се платени 124 месечни закупнини. „Континуирано вршиме мониторинг на домувањето за да бидеме сигурни дека овие лица ќе стекнат соодветни хигиенски и домаќински навики и ќе го променат начинот на живот на подобро“, додаваат од здружението.

На вкупно 143 социјално загрозени семејства, преку платформата Ways2help, им беа подмирени долговите за електрична енергија и вода. Заостанатите сметки беа поставени онлајн, каде различни донатори извршија плаќање на истите. Заклучно со мај 2022 година, на овој начин се платени 1.792 заостанати сметки за електрична енергија на 119 семејства и 210 заостанати сметки за вода на 24 семејства кои живеат во сиромаштија.

Во последните девет месеци од институционалната поддршка настана и проектот „Грижи се“. Мобилните тимови на „Љубезност“ за ранливите членови на заедницата обезбедија социјални услуги, правна и медицинска помош. Во периодот од август 2021 до март 2022 г., 212 лица добија социјална поддршка и социјални услуги, од кои 100 добија техничка помош при остварување права на социјални трансфери. 184 лица добија медицинска помош или лекови, а 37 лица со помош на здружението беа остварија право на здравствено осигурување. 186 крајни корисници на Љубезност добија правни совети при остварување на нивните социјални права, од кои 108 добија поддршка во добивање лични карти и изводи од матично. Претходно, од јули 2019 до јули 2021 година „Љубезност“ има дадено психосоцијална поддршка на 1.066 семејства.

РОМСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЖЕНИ И МЛАДИ ЛУЛУДИ

1 јули 2021 г. – 31 јули 2022 г.

3.803.174 МКД

Основан Советодавен-правен центар при РАЖМ Лулуди наменет за жртви на семејно насилство, дискриминација и социјално загрозени лица;

+50.000 лица на социјалните медиуми информирани за родово базирано насилство преку кампањата #ДалиЕоваЗнак;

Проширена и зајакната неформална мрежа на организации кои заедно работат на истражување, мониторинг и застапување на правата на жената Ромка.

Ромската асоцијација за жени и млади Лулуди веќе 20 години се бори за правата на жената Ромка во нашата држава. Како одговор на поставената цел на асоцијацијата отворен и воспоставен е Советодавен-правен центар при РАЖМ Лулуди наменет за жртви на семејно насилство, дискриминација и социјално загрозени лица. Во период од една година центарот регистрираше 125 лица кои побарале правен совет. „Во последните месеци од институционалната поддршка на Цивика мобилитас се регистрирани пет жртви на семејно насилство на кои им се дадени потребни совети, поддршка и помош“, велат од асоцијацијата.

Лулуди се вклучува и во интернационалната кампања „16 дена активизам за борба против родово базирано насилство“. Повеќе од 50 илјади корисници преку социјалните мрежи се едуцираа за родово базирано насилство (РБН) преку кампањата под наслов: #ДалиЕоваЗнак. Активностите вклучуваа три јавни настани – инфо штандови во Скопје за информирање на граѓаните за важноста од превенција од РБН, навремено препознавање и реагирање. На јавните настани учествуваа околу 150 граѓани кои ја поддржаа кампањата. Истата беше поддржана од страна на Државниот секретар при Министерството за правда, пратеничката Љатифа Шиковска, амбасадорката на Обединетото Кралство, и бројни граѓански организации и активисти.

Лулуди придонесува и за проширена и зајакната неформална мрежа на организации кои заедно работат на истражување, мониторинг и застапување на правата на жената Ромка. Мрежата вклучува 11 организации и активистки од различни градови од државата. Членките на мрежата спроведоа мониторинг за имплементација на Истанбулската и CEDAW Конвенцијата, со фокус на жената Ромка.

ЗДРУЖЕНИЕ МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ - МАЗЗ

1 јули 2020 г. – 31 јули 2022 г.

3.446.451 МКД

Започнат процес за зголемено учество на жени членки и управители на земјоделски задруги при на креирање и донесување на одлуки во МАЗЗ

Учество во подготовка на седумгодишната Стратегија за развој на земјоделски задруги во Р. Северна Македонија

Заедно со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и други сродни организации и проекти беше дел од работната група за изработка на предлог Законот за задруги

Македонската асоцијација на земјоделски задруги - МАЗЗ со помош и поддршка на Институционалниот грант од Цивика мобилитас започна процес за зголемено учество на жени членки и управители на земјоделски задруги при креирање и донесување на одлуки во организацијата. Ова значи поттикнување и мотивација на женско задругарство во МАЗЗ како и подготовка на Стратегија за вмрежување со „женски" организации кои работат во сектор земјоделство, со крајна цел воспоставување на регионална мрежа на жени – членки на земјоделски задруги.

Покрај поддршка и зајакнување на женско задругарство, зајакната е и регионалната соработка со задружните сојузи и етаблирање на МАЗЗ како еден од водечките задружни сојузи на Западен Балкан. Потпишани Меморандуми за соработка со Задружни Сојузи од Војводина, Јужна Србија, Република Српска и Грција од што произлегоа 5 заеднички проектни апликации. Тоа значи регионално поврзување и вмрежување на МАЗЗ со сродни организации од регионот и градење платформи за заеднички акции.

МАЗЗ учествуваше во подготовка на седумгодишната Стратегија за развој на земјоделски задруги во Р. Северна Македонија, како единствена чадор организација која работи на промоција и унапредување на задружната идеја во државата. Националната Стратегија овозможува развивање на поволна средина погодна за развој и унапредување на домашните земјоделски задруги, зајакнување на постоечките задруги и да се претпочита создавање на нови и ефикасни задруги.

Исто така, заедно со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и други сродни организации и проекти беше дел од работната група за изработка на предлог Законот за задруги каде иницираше позитивни промени на законската легислатива во задружниот сектор односно ги идентификуваше сите правни акти кои се однесуваат на функционирањето на земјоделските задруги и сите закони кои ја регулираат работата на земјоделските задруги.

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ

1 јули 2019 г. – 30 јуни 2022 г.

4.499.392 МКД

Презентација на монографија и документарен филм „30 години Меѓаши“

Реактивирана е Македонската национална коалиција за правата на детето

Учество на седници на Комисијата за донесување на Закон за правда на децата, Националната стратегија (2020-2025) и акцискиот план (2020-2025) за борба против насилство врз децата

30 години борба за поправеден свет за децата, Меѓаши во април 2022г. го прослави триесеттиот роденден по чиј повод презентираше Монографија, документарен филм и организираше Гала донаторска аукција со 300 гости кои со својата хуманост помогнаа во одржливост на „Ало Бушавко“ линија и платформа за деца и млади. Платформата нуди нов комуникациски канал – поддршка на различни теми од интерес за децата, младите, но и возрасните каде се понудени објаснувања на некои појави, проблеми, причините зошто се појавуваат како и совети и насоки што би можело да се стори. Во текот на 2021г., заклучно со 20 декември, добиени се вкупно 329 случаи и се остварени 473 разговори. Вкупниот број на деца и млади кои се опфатени со случаите изнесува 449. Споредбено со минатата година, бројот на случаите е зголемен за над 30%.

По иницијатива на Меѓаши се реинтегрираше и реактивираше Македонската национална коалиција за правата на детето, што беше формирана пред повеќе од 10 години. Поводот за ова беше подготовка на третиот Алтернативен извештај на невладините организации за состојбата со правата на детето во Македонија, што Меѓаши го поднесува до Комитетот за правата на детето при ООН. Извештајот е дело на тим од деца, на возраст од 12 до 17 години. Ова е продолжение на практиката што Меѓаши ја започна пред 10 години, кога го поднесе првиот детски извештај до Комитетот за правата на детето при ООН.

Првата детска амбасада учествуваше на повеќе седници на Комисијата за донесување на Закон за правда на децата и во донесувањето на Националната стратегија (2020-2025) и акцискиот план (2020-2025) за борба против насилство врз децата, усвоена од владата на 3 Јануари 2020.

Согласно стратешкиот план 2021-2025 Меѓаши овозможува простор за учество на децата во прашања кои се од нивен интерес

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА МЕДИУМИ ОНЛИМИТ МЕДИА СКОПЈЕ

1 јули 2019 г. – 30 јуни 2022г.

4.500.000 МКД

Иницијатор и еден од основачите на платформата www.promedia.mk за промовирање на етичките и професионални стандарди на онлајн новинарството;

Борба против медиумскиот јазичен паралелизам со основање билингуална платформа „ЗООМ“;

Учество во проект за мониторирање на лажни вести и вести наречани од политичките центри во државата.



Здружението за развој на медиуми Онлимит Медиа во соработка со неколку невладини организации кои активно дејствуваат во секторот медиуми, е еден од иницијаторите за основање на платформата www.promedia.mk. Станува збор за регистар на онлајн медиуми со цел промовирање на етичките и професионални стандарди на онлајн новинарството. „Промедиа направи сериозен чекор кон подигнување на професионалноста на онлајн медиумите и го актуелизираше механизмот на саморегулација“, велат од Он Лимит. Во платформата до овој момент членуваат 156 медиуми. „Преку средбите со претставници на граѓанскиот сектор се усогласија ставовите за напредок и подобрување на положбата на онлајн медиумите за примена на новинарските стандарди“, посочуваат од здружението. Остварена беше соработка со Синдикатот на новинари, ЗНМ и други организации. Целта на соработката е промовирање и подобрување на положбата на онлајн новинарството и правата на новинарите.

Во рамки на институционалната поддршка на Цивика мобилитас основана беше билингуална платформа „ЗООМ“. Атипичниот билингуален пристап на ова платформа се заснова на борбата против медиумскиот јазичен паралелизам. „ЗООМ“ ги третира предизвиците со кои се соочува Северна Македонија на патот на реформите и нејзината демократизација и интеграцијата во Европската унија како и при хармонизација на вредностите и принципите.

Он Лимит се вклучија и во проект за мониторирање на лажни вести и вести наречани од политичките центри во државата. Во овој проект здружението ги истражуваше злоупотребите на онлајн медиумскиот просторот за пропаганда, главно спонзорирана од политичките партии во Македонија. „Како итни приоритети сеуште остануваат подигнување на транспарентноста на онлајн медиумите, препознавање и адресирање на темите од важност за граѓаните како и борба против медиумскиот паралелизам и феноменот лажни вести поддржан од центрите на моќ“, заклучуваат Он Лимит.

ПОЛИО ПЛУС – ДВИЖЕЊЕ ПРОТИВ ХЕНДИКЕП

1 јули 2019 г. – 30 јуни 2022 г.

4.499.965 МКД

Полио Плус и ИППГ изработија Декларација за политичко учество на лицата со хендикеп усвоена во Собранието на РСМ

Организирани три тридневни обуки за политички партии со цел вклучување на лицата со хендикеп во политичкиот живот. Учествуваа 86 лица од 7 партии во Македонија

Креирана прва Политичка академија наменета за лица со хендикеп

За време на КОВИД-19 прес конференциите на Владата беа толкувани на знаковен јазик

Полио плус организираше серија на активности во насока на зајакнување на капацитетите на Интер партиската парламентарна група (ИППГ) за промовирање и унапредување на правата на лицата со хендикеп во Северна Македонија. Беа организирани три обуки поврзани со дискриминација по основ на хендикеп, а се изработи и Декларација за политичко учество на лицата со хендикеп. Декларацијата имаше за цел Собранието како законодавна власт да посочи на потребата од заштита и унапредување на правата на граѓаните со хендикеп во политичкиот живот на државата. Усвојувањето на декларацијата од страна на Собранието е препознаено како напредок за земјава во последниот извештај на ЕУ за напредокот на РСМ во 2020г.

„Низ овие години се посветивме на работа и подигнување на капацитетите на самите политички партии за поактивно вклучување и учеството на лицата со хендикеп“, велат од здружението. Беа организирани три тридневни обуки за политичките партии. Учество земаа вкупно 86 учесници, претставници на 7 политички партии. Обуките беа насочени кон запознавање на учесниците со основите постулати на Конвенцијата на правата на лицата со хендикеп (КПЛХ) и со пристапот за човекови права кон лицата со хендикеп, како и со начините на комуникација и обезбедување пристапност и достапност на нивните. Во 2020 г. беше создадена првата Политичка академија наменета за лица со хендикеп која обезбеди комбинирано политичко образование и практична обука. Како резултат на застапувањето на локалните избори во 2021 г. беа предложени неколку лица со хендикеп на листата на советници во 5 општини од страна на 3 политички партии.

За време на пандемијата со КОВИД-19 прес конференциите на Владата се одржуваа без толкување на знаковен јазик. Но, на барање на организацијата истите беа толкувани и на знаковен јазик.

ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ - РЕСИС

1 јули 2019 г. – 30 јуни 2022 г.

3.632.400 МКД

Формирана Мрежа од совети на публики во која членуваат повеќе од 50 ГО

Мрежата поттикна соработка меѓу ГО кои ги застапуваат правата на ранливите групи во доменот на медиумските политики и медиумските содржини

Активно учество во процесите на креирање политики и донесување одлуки во медиумската област и во јакнење на комуникациските капацитети на државните институции



Институтот РЕСИС од септември 2019 до јуни 2022 г. ја формираше Мрежата од совети на публики (МСП) со која е поттикната соработката меѓу ГО кои ги застапуваат правата на ранливите групи во доменот на медиумските политики и медиумските содржини. На Мрежата се приклучија над 50 ГО на локално ниво кои работат со различни ранливи групи. Во овој период се направи Проценка на искуствата, мислењата и ставовите на членките за остварување на комуникациски права на ранливите групи во јавната сфера. Беше изработен и документ за политики што ги идентификува главните пречки за остварување на овие права, а се одржа и јавна дебата со медиумскиот регулатор за начините на унапредување.

РЕСИС учествуваше во процесите на креирање политики и донесување одлуки во медиумите и во јакнење на комуникациските капацитети на државните институции. Институтот спроведе неколку истражувања, анализи и други активности со кои придонесе во креирање политики и донесување одлуки во аудиовизуелната област и во јакнење на комуникациските капацитети и соработката на клучни државни институции: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Државниот завод за ревизија и Собранието на РСМ. За потребите на АВМУ изработени беа 4 студии со кои се идентификуваа нивоата на медиумска писменост кај возрасното население во РСМ, родови прашања во програмите за деца, анализа на онлајн рекламниот пазар и претставување на мажите и жените во спортските програми на националните телевизии. За Државниот завод за ревизија беше изработена Комуникациска стратегија за периодот 2020-2023, а за Собранието изработија Процена на комуникациските процеси и комуникациските практики.

Учествуваше во следењето и спроведувањето на итните реформски приоритети во медиумската сфера и објави анализи за структурните пречки за развој на слободата на медиумите и плурализмот на медиумската сопственост во новото дигитално опкружување.

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА

1 јули 2020 г. – 30 јуни 2022 г.

3.528.992 МКД

Креиран е првиот женски рурален е-пазар "Наша тезга" во кој свои тезги имаат 130 жени од нашата земја

Креирана и имплементирана првата мерка за финансиска поддршка на жени од рурални средини

250 жени од руралните средини добија финансиска поддршка, грант од 3.000 евра

Три заложби на РК станаа дел од Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство 2021-2023

Ковид 19 предизвика огромни економски загуби кај жените во руралните средини. Поаѓајќи од оваа состојба Рурална Коалиција (РК) во директна соработка со жените од руралните средини го создаде првиот женски рурален е-пазар „Наша тезга". Пазарот е единствен од ваков вид во нашата земја, каде што се промовираат и може да се купат свежи и преработени производи од над 130 жени од руралните средини од целата територија на нашата земја.

РК преку членство во работната група за родова еднаквост и економско јакнење на жените од руралните средини формирана во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) заедно со академската заедница, земјоделките и граѓанските организации успеа да учествува во подготовката на првата мерка за директна финансиска поддршка на жените – носителки на земјоделски стопанства во руралните средини. „Преку застапување на нашата иницијатива се овозможи креирање на мерка која што им дава грант на жените во руралните средини во износ од 3.000 евра", велат од коалицијата. Во 2021г. 250 жени потпишаа договори со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за користење на средства.

РК учествуваше во процесот на подготовка на Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство 2021-2023 каде преку директна комуникација со Министерство за информатичко општество и администрација, Министерството за земјоделство и Министерството за локална самоуправа успеа да усогласи 3 заложби на чија реализација ќе работи до 2023 година. Заложбите на кои што ќе се работи се зголемување на достапноста на е-услугите кои ги нудат општините на uslugi.gov.mk и прикачување на каталог на услуги на МЗШВ и зајакнување на свеста кај земјоделците за примена на Добра земјоделска пракса и справување со климатските промени.

СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

1 јули 2019 г. – 30 септември 2022 г.

4.464.407 МКД

Формирање на Регистарот на професионални онлајн медиуми, www.promedia.mk

Надградба на етичката рамка за професионално известување во медиумите

Активното вмрежување и учество на СЕММ во иницијативите за афирмација на медиумската писменост

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) го формираше Регистарот на професионални онлајн медиуми, www.promedia.mk, кој овозможи зголемена вклученост на онлајн медиумите во процесот на саморегулација, каде во моментов членуваат 156 медиуми. Во Извештајот на Репортери без граници за слободата на медиумите во РСМ од 2020 година, како успех во полето на медиумите се посочува и креирањето на Регистарот. „Ова придонесе РСМ за една година да се искачи три места погоре на листата на слобода медиумите за 2020г., односно од 95-то претходната година земјата беше рангирана на 92-то место, од вкупно 180 држави и територии колку што се опфатени со анализата“, велат од СЕММ.

Во период од три години се работеше и на надградба на етичката рамка за професионално известување во медиумите, со што се поддржа не само континуираното ефикасно функционирање на Комисијата за жалби, туку се придонесе и во професионализација на медиумското известување. За случаи на непрофесионално известување, како и за појава на говор на омраза, претставници на институциите, владини претставници и политички субјекти во континуитет се консултираат со СЕММ. Насоки за етичко известување во онлајн медиумите, препораки за етичко известување за деца и млади, насоки за инклузивно медиумско известување за Ковид-19, упатсво за известување од воени конфликти и насоки за безбедно и професионално известување за корона вирусот се дел од резултатите кои ги постигна СЕММ.

Активното вмрежување и учество на Советот во иницијативите за афирмација на медиумската писменост, како со граѓанскиот сектор, така и со регулаторот - Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, придонесе во засилување на залажбите за афирмација на медиумската писменост во образовниот систем во државата. СЕММ во континуитет активно учествува во организација на Деновите на медиумска писменост.

ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО СКУП-МАКЕДОНИЈА

1 јули 2020 г. – 30 јуни 2021 г.

3.966.160 МКД

Учество во регионалниот проект „Робин Худ“ и изработка на шест документарци со кои се укажува на системските слабости во Македонија

Регионални соработки со организации во Србија, Косово, Албанија и Босна и Херцеговина

Започната соработката со националниот јавен сервис – Македонската радио телевизија и приватната ТВ 21

Во рамките на институционалниот грант на Цивика мобилитас, Центарот за истражувачко новинарство – СКУП беше дел од регионалниот проект „Робин Худ“. Станува збор за документарци со кои се укажува на системските слабости во државава на теми кои се заеднички за луѓето од регионот. Беа реализирани шест документарци: „Ковид 19 – мерки и вакцинација“, „Свиркачи“, „Загадување на воздухот“, „Напади врз новинари“, „Растот на цените и животниот стандард“ и „Фемицид“. Преку овој проект се реализираше соработка со организации и медиуми од Србија, Косово, Босна и Херцеговина, а документарците беа емитувани на јавните сервиси или други медиуми во споменатите земји, со што опсегот на делување беше проширен и регионално. Покрај регионалните соработки, во Македонија воспоставија и ја продлабочија соработката со националниот јавен сервис – Македонската радио телевизија и приватната ТВ 21. „Продуктите кои ние ги реализиравме во последниве две години беа емитувани на Македонската телевизија и на ТВ 21 со што сметаме дека успеавме да ја зголемиме видливоста на нашата работа, како и видливоста на донаторите кои не поддржуваат за различни проектни активности“, велат од СКУП.

Во мај 2022 година организираа еднодневна панел дискусија со која го одбележаа Меѓународниот ден на свиркачите. Панелот беше подржан од Европскиот центар за заштита на свиркачите и невладината Центар за демократија од Албанија. „Во рамките на целодневната панел-дискусија, имавме уникатна можност да слушнеме несекојдневни доживувања на свиркачите, нивните потешкотии и проблеми со институциите, како и недоволната заштита од страна на државата. Со тоа успеавме да ја анимираме јавноста и медиумите повеќе да се зборува на оваа тема во општеството. По одржувањето на еднодневната панел-дискусија која ја пренесоа повеќе медиуми, новинарите продолжија и понатаму да истражуваат и да пишуваат на оваа тема-заштита на свиркачите“, велат од СКУП.

СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНТИВА ПРОТИВ МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА – СППМД, КАВАДАРЦИ

1 јули 2020 г. – 30 септември 2022 г.

3.978.500 МКД

Изработена Национална стратегија за превенција и правда за децата 2022-2027 која обезбедува трајни подобрувања во системот за правда за децата во Северна Македонија

СППМД во соработка со ЗГ Креатив е координатор на Младинскиот центар во Кавадарци кој е првиот пилот - Младински центар отворен во Република Северна Македонија

Сите вработени во Воспитно-Поправниот Дом Тетово се обучени за редовно користење на новите документи и алатки

Советот за превентива против малолетничка деликвенција (СППМД) изработи Национална стратегија за превенција и правда за децата 2022-2027 која ќе обезбеди трајни подобрувања во системот за правда за децата во Северна Македонија. „Националната Стратегија поаѓа од тековната положба на децата во контакт/судир со законот и предлага сеопфатна и прагматична програма на активности кои треба да обезбедат постепено остварување позитивна промена за овие деца", велат од СППМ. Во согласност со ова, подготвен е и Акциски план за нејзино спроведување во периодот септември 2022 - декември 2023 година. Двата документи се усвоени и донесени од страна на Државниот совет за превенција од детско престапништво.

СППМД во соработка со ЗГ Креатив е координатор на Младинскиот центар во Кавадарци кој е првиот пилот - Младински центар отворен во Република Северна Македонија во согласност со Законот за Млади. Координирањето на работата на центарот го обезбедуваат двајца обучени и искусни младински работници, а во неговото работење се вклучени уште десетина активни волонтери на двете организации. Центарот работи секој ден и брои повеќе од 600 редовни членови на возраст од 15 до 35 години.

По иницијатива на СППМД и директна поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, а во соработка со Воспитно-Поправниот Дом Тетово и Министерството за правда развиени се следните документи и алатки: Куќен ред за децата кои издржуваат воспитна мерка - упатување во воспитно поправен дом во Република Северна Македонија, Упатство за дисциплинска одговорност, Упатство за постапување во случај на сторена дисциплинска повреда и издвојување во посебни соби за деца, Протокол за пристигнување и прием на детето во ВПД Тетово, Протокол за престој на детето во приемното одделение и Протокол за отпуштање на децата од домот.

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО ВИЛА ЗОРА ВЕЛЕС

1 јули 2019 г. – 31 јули 2022 г.

4.484.235 МКД

Креиран расадник на зимзелени дрвја со посадени 800 садници

5.000кг собрана, селектирана и рециклирана ПЕТ амбалажа во општина Велес

Креирање Стратегија за деконтаминација на почва од тешки метали и за развој на граѓанскиот сектор на оваа тема

„Во светот во кој живееме, многу е важно да преземеме максимални чекори за да го вратиме нашиот еко-систем. Расадниците помагаат да се осигура дека постои конзистентен метод за зачувување и промовирање на зелениот живот“, велат од Вила Зора. Водени од овој порив, со поддршка на Цивика мобилитас, креираа расадник за зимзелени дрвја со посадени околу 800 садници кој во иднина ќе користи како тренинг центар за младите генерации и еко активисти.

Но, нивната еко борба не застана тука. Во период од три години беа спроведени бројни акции за собирање и селектирање ПЕТ амбалажа во соработка со сите основни училишта во општина Велес. Во целокупното траење на акциите беа собрани околу 5.000кг пластика која се рециклираше, со што се намали отпадот во општината, а со помош на најмалите се поткрена јавната свест. Со рециклирањето се намалуваат количините на пластика на депониите, емитувањето на стаклснички гасови и загадувањето на почвата, подземните води и загадувањето на воздухот.

Еколошкото друштво креираше Стратегија за деконтаминација на почва од тешки метали, со јасно одредени начини за финансирање на активностите од страна на релевантните институции. Драфт верзијата на Стратегијата е креирана со помош на формирано меѓу-секторско тело, сочинето од експерти и граѓански организации кои работат во областа. „Целта е оваа стратегија да биде усвоена и да се употреби како дел од донесувањето на законот за почви“, велат од здружението. Стратегија за развој на граѓанскиот сектор е креирана со помош на експерт и голем број на граѓански локални организации. „Со ова сакаме да го зголемиме вклучувањето на граѓанските организации на локално ниво во креирањето на политики и донесувањето на одлуки“, додаваат тие. И двете Стратегии се дистрибуирани и презентирани пред советот на Општина Велес.

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

1 јули 2020 г. – 30 септември 2022 г.

3.920.302 МКД

Развивање на две национални упатства за воведување нови услуги како дел од сеопфатен пакет за превенција на ХИВ

Учество во консултации со Министерството за здравство и ГО за предлог измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита на лицата со ХИВ

Иницијатива за дебата во Националната комисија за ХИВ и зголемување на. буџетот на националната програма за ХИВ

„Обезбедувајќи техничка поддршка за Националната комисија за ХИВ, придонесовме да се одразат ставовите на пациентите со ХИВ, на заедниците засегнати од ХИВ и релевантни граѓански организации во насочувањето на националниот одговор кон ХИВ", велат од Заедно посилни. Граѓанската организација учествуваше во развивање на две национални упатства со кои се предвидува во земјава да се воведат нови услуги како дел од сеопфатен пакет за превенција на ХИВ за сите граѓани што се изложени на ризик.

Во 2020 и 2021г. Заедно посилни во консултација со Министерството за здравство и граѓанските организации развија предлог за измени и дополнувања на Законот за здравствената заштита со кој за прв пат се регулира механизмот на социјални договори во областа на јавното здравје и здравствената заштита. „Со него за прв пат се предвидува и законска основа за здруженија да даваат одредени услуги од здравствената дејност. Предлог-измените и дополнувањата беа усвоени од Владата на Република Северна Македонија во ноември 2021 г., по што влегоа во собраниска процедура", посочуваат од здружението. Усвојувањето ќе осигура одржливост на пакет услуги од областа на јавното здравје за маргинализирани групи и ќе отвори можност за финансирање и на други услуги во областа на јавното здравје што би ги испорачувале граѓански организации.

Врз основа на дебата во Националната комисија за ХИВ, иницирана од Заедно посилни, за потребата да се зголеми буџетот на националната програма за ХИВ, како и преку другите активности за застапување беше постигнато значително зголемување на буџетот на Програмата за 2022 година – во висина од околу 40% во однос на 2021г. Благодарение на ова, лекувањето на пациентите со ХИВ ќе биде унапредено преку зголемување на застапеноста на поквалитетни опции за терапија и напуштање на постари лекови, кои веќе не се препорачани.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН И РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ТЕТОВО

1 јули 2020 г. – 30 јуни 2022 г.

3.856.708 МКД

Креирана Стратегијата за промовирање на можностите од одржливо собирање на медицински и ароматични растенија

Подготовка на Стратегијата за соработка на граѓанскиот сектор и локалната самоуправа на Маврово и Ростуше

Анализа за инвестирањето на општината во локалниот амбиент со фокус на руралниот и одржлив развој

Природните ресурси на кои се потпираат жените и младите од Маврово и Ростуше се менуваат, пазарите и економските процеси се менуваат, информациите брзо се шират и институционалната средина е сè помалку стабилна. Креираната Стратегијата за промовирање на можностите од одржливо собирање на медицински и ароматични растенија во овој контекст е предуслов и инструмент на ефективно учество на собирачите: формулирање визија, мисија, стратешки цели, преговарање, развивање и спроведување на планови кои ги засегаат секој поединечно. Оваа стратегија е основа за воспоставување на комуникација помеѓу Националниот парк Маврово и собирачите и служи за размена на информации, воспоставувајќи консензус помеѓу различни мислења и интереси.

Активностите за подготовка на Стратегијата за соработка на граѓанскиот сектор и локалната самоуправа на Маврово и Ростуше беа со фокус на подигнување на свеста на граѓанското општество и локалните невладини организации за потребите на локалното население. Креирањето на стратегијата овозможи формулирање и промовирање на проекти за рурален развој и поддршка на тековните теренски активности и поттикнување на меѓусекторска соработка и партнерства со локалната самоуправа, националниот Парк и граѓанскиот сектор.

Во рамки на зголемувањето на соработката помеѓу локалната самоуправа Маврово и Ростуше и локалното население ЗЛРР спроведе анализа за инвестирањето во локалниот амбиент со фокус на руралниот развој. Резултатите покажаа дека создавањето на услови за развој на локалните заедници, особено во руралните области, бара имплементација на (про)развојни инвестициски проекти. Анализата на инвестирањето во локалниот амбиент од страна на општината отвора можност за нова соработка и развој на идејни инвестициски решенија за локалното население.

СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА МАКЕДОНИЈА

1 јули 2020 г. – 31 август 2022 г.

3.892.055 МКД

Снимени и емитувани 21 епизода од серијалот „Остануваме шампиони“ со тренинзи за лицата со попреченост

Поделени 70 комплети со реквизити за вежбање по дома за атлетите на Специјална олимпијада од Скопје и Тетово

30 лица со попреченост од Тетово добија бесплатни услуги за спорт и рекреација

За време на Ковид19 пандемијата, во периодот со строги рестрикции за групирање, Специјална олимпијада Македонија (СОМ) сними и емитува видео серијал на тренинзи за лицата со попреченост од 21 епизода „Остануваме шампиони“. Во видеата учествуваа тренери и атлети, а два пати неделно се емитуваа во утринската програма на МТВ, „Македонија наутро“. „Целта на видеата беше да се поттикнат на физичка активност лицата со посебни потреби, кои и онака поради нивните попреченост најчесто се чувствуваат изолирани, а пандемијата ја засили таа состојба“, велат од СОМ. За да можат соодветно да ги реализираат домашните тренинзи на атлетите на СОМ од Скопје и Тетово и им беа поделени 70 комплети со реквизити за вежбање по дома. Видеата се поставени и на Јутјуб каналот на Специјална олимпијада за сите кои имаат потреба од мотирички и рекреативни активности за лица со попреченост.

СОМ потпиша меморандум за соработка со Општина Тетово за користење бесплатни сали за спортување и логистичка поддршка за партнерската организација „Active life“ – „Активен живот“ која на територија на Тетово овозможува бесплатни услуги за спорт и рекреација на лицата со попреченост. „Со воспоставување на оваа директна комуникација и поддршка се овозможи континуитет на тренинзи за атлетите на Специјална олимпијада и нивен постојан развој“, велат од СОМ. Вкупно се активни 30 атлети со интелектуална попреченост и 10 тренери кои работат со нив.

СОМ од септември 2020 година со Европската недела на спортот (БИ АКТИВ) започна постојана соработка со Агенцијата за млади и спорт во реализирање на годишните спортски програми: Европска кошаркарска недела и Европска фудбалска недела. Со нивна логистичка поддршка, во обезбедување на простор за настани, досега се реализирани две фудбалски недели во септември 2021г. и мај 2022г., како и една кошаркарска недела во декември 2021г.

„Цивика мобилитас е програма на Швајцарската амбасада за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.